Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 02-1587/32
30.11.2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 26 од Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 - Пречистен текст), постапувајќи по заклучокот од Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 јуни 2022 година ТОЧКА 45, Управниот одбор на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, на продолжението на 54-тата седница, одржана на ден 30.11.2022 година, донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН**
**ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА**
**за 2023 година**

## Вовед

Корупцијата е еден од најголемите современи предизвици со кој се соочуваат сите земји, без разлика на нивниот степен на развиеност, нивното државно уредување, управување и организација. Сите држави, поединечно и на глобално ниво вложуваат напори и преземаат мерки за да ја подигнат свеста за постоењето на корупцијата и за нејзините негативни влијанија врз граѓаните и општеството како целина. Коруптивните дејствија се во целосна спротивност со моралните вредности и нормите кои се во интерес на јавниот поредок. Корупцијата не само што го нарушува процесот на носење одлуки, туку и навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на општествениот развој се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати. Носителите на највисоката власт во сите држави се повеќе и повеќе препознаваат дека корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење, раст и стабилност, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик, на локално и на глобално ниво. Заради тие неопходни потреби земјите развиваат закони, политики, методологии и програми со цел да го сузбијат овој феномен, да го искоренат од нивните системи и да обезбедат поквалитетен живот за нивните граѓани.

Како одговор на овој предизвик и согласно мерките на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупција Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (во понатамошниот текст: „М-НАВ" А.Д. – Скопје) работи на развојот на антикорупциски практики, со кои се вклучува во заедничките напори и заложби во општата борба против корупцијата, со цел спречување на нејзино појавување.

Во согласност со Националната стратегија на спречување на корупцијата 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупција и одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/09, 188/13 и 192/15), „М-НАВ" А.Д. –Скопје го донесе овој годишен план за проценка на ризици од корупција.

Во годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2023 година е содржан краток преглед на предметот на работење, начинот на управување на „М-НАВ" А.Д. – Скопје и неговата улогата во борбата против корупцијата. Планот содржи дефинирање на корупцијата, нејзините форми, идентификација на ризиците од нејзина појава, мерки и активности за намалување на ризиците од појава на корупција, очекуваните цели со примена на планот, како и начинот на неговото објавување.

## I За „М-НАВ" А.Д. – Скопје

Согласно Законот за воздухопловство за вршење на услуги на воздухопловна навигација Владата на Република Северна Македонија основа Акционерско друштво со еден акционер, државата-давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно со Законот за трговските друштва.

Начинот на основање, дејностите и начинот на управување се регулирани со актот на основање и статутот на друштвото.

Управувањето со Друштвото е организирано според двостепениот систем.

Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор.

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1. Давање на услуги на воздухопловна навигација(ANS – AIR NAVIGATION SERVICES) која опфаќа:

1.1 АТМ Услуги (Air Traffic Management) и тоа:

а) АТС Услуги (Air Traffic Services):

- контрола на летање (ATC – Air Traffic Control),која се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да се овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот собраќај;

- информирање во лет (FIS – Flight Information Service), која се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај ; и

- тревожење (ALRT – Alerting Service) која се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти.

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM – Air Traffics Flow Management), која се дава за да се овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот;

в) организација на воздушниот простор (ASM – Air Space Management), која се дава за да се обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници и

г) мрежни функции (Network functions) се услуги кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки помеѓу земјите членки, давателите на услуги на воздухопловна навигација и функцијата за управување со мрежата.

1.2 услуги на воздухопловно информирање (AIS –Aeuronautical Information Service), кои опфаќаат; собирање, обработка и дистрибуција на воздухоплвните информации, итни известување, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3 метеролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеролошки информации, метеролошка прогноза, метеролошки известувања и метеролошки предупредувања; и

1.4 поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација што подразбира превентивно и корективно одржување, приспособување, калибрирање, мониторирање, надгледување, управување и воведување во работа, како и развој и измена на процедури и упатства за работа и одржување на оперативните технички средства во состојба која овозможува безбеден и уреден воздушен сообраќај (CNS Services).

2. Водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухоплвна навигација.

3. Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации.

4. Обука на АНС персонал.

## II <u>Важноста и значењето на Годишниот план за проценка на ризици од корупција</u>

Овој Годишен план е дизајниран да дејствува првенствено превентивно во насока на зголемување на свесноста во Друштвото за појава на ризици од корупција како и да препорача активности за намалување на ризиците од корупција. Со планот Друштвото се вклучува во заедничките напори со граѓанското општество и целата демократска јавност во борбата со оваа крајно штетна појава. Годишниот план е заснован на анализа на процесите и дефинирање на цели кои треба да резултираат со континуирано следење на ризиците од корупција и нивно сведување на прифатливо ниво. Целосната имплементација на Планот испраќа силна порака во општеството дека борбата против корупција се остварува.

Имајќи ја предвид комплексноста и важноста на воздухопловната навигација, интеграцијата во системот на Заедничко европско небо (Single European Sky), потребата од хармонизација со европската легислатива и стандардите на релевантните европски и меѓународни воздухопловни организации, „М-НАВ" А.Д. – Скопје има мисија да обезбеди безбеден, редовен и економичен проток на воздушниот сообраќај, воедно истиот постојано да се подобрува со оптимално користење на расположливите човечки и технички ресурси, како и со минимални можни трошоци да се обезбедат сигурни услуги на воздухопловна навигација во дезигнираниот воздушен простор на непристрасен, транспарентен начин, целосно ориентирани кон корисниците на нашите услуги и важноста за животната средина. Со таков пристап „М-НАВ" А.Д. –Скопје работи на остварувањето на својата визија да биде Давател на услуги на воздухопловна навигација способен за континуирано обезбедување на високо ниво на безбедни, редовни, експедитивни и ефикасни услуги на корисниците на воздушниот простор.

Заради исклучителната важност на дејноста која ја врши Друштвото, Надзорниот одбор, Управниот одбор и вработените на „М-НАВ" А.Д. –Скопје имаат сериозен пристап кон создавањето и остварувањето на услови за превентивно делување со цел намалување на ризиците од корупција. На тој начин се поттикнуваат вработените да работат согласно начелата на законитост, интегритет, еднаквост,

јавност и начелото на заштита и одговорност со што се создава клима за континуирано развивање на општоприфатените универзални вредности утврдени во интерните акти на Друштвото.

## III Дефинирање на корупцијата

Според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, корупцијата се дефинира како злоупотреба на функција, јавно овластување, службена должност или положба за остварување на корист за себе или за друг, дејствувајќи директно или преку посредник.

Корупцијата може да се остварува активно, кога било кое лице директно или преку посредник делува намерно, ветува или дава корист од каков било вид на службеното лице, за него или за трето лице или пасивно, кога службеното лице директно или преку преку посредник бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, се со цел за делување или воздржување од делување во согласност со своите обврски или вршење на своите надлежности спротивно на службените обврски.

Според истиот закон Судирот на интереси се дефинира како состојба во која службеното лице има приватен интерес што има или може да има влијание врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## IV Најчести форми во кои се јавува корупцијата

- Поткуп
- Мито
- Изнуда
- Непотизам
- Кронизам
- Покровителство
- Протекции
- Проневера
- Тргување со влијанија
- Злоупотреби на службените должности
- Самодоговарање
- Судир на интереси

## V Идентификација на најчестите видови на ризици од појава на корупција

- Непоседување на соодветно ниво на личен и професионален интегритет на вработените и избраните лица во Друштвото
- Непридржување на вработените и избраните лица во Друштвото на прифатените рамки на однесување дефинирани во Кодексот на однесување
- Немање одговорност на вработените за неквалитетно, ненавремено и неефикасно извршување на задолженијата
- Непочитување на надворешните и внатрешните акти, постапки и процедури

- Вршење на незаконски влијанија и договарања во сите постапки во работењето од делокругот на Друштвото
- Недоволен надзор и контрола на постапките за јавни набавки
- Вработување во Друштвото без објавување на јавен оглас во нетранспарентна, нефер и неконкурентна постапка на селекција
- Непостапувања на вработените при вршењето на службените задачи и овластувања
- Погрешна примена на доверените овластувања
- Злоупотреба на службената положба и овластувања заради директна или индиректна материјална или нематеријална корист
- Користење на службени добра за лични потреби

## VI <u>Мерки и активности во насока на намалување на ризиците од корупцијата</u>

Во насока на воспоставување на ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба против корупцијата, како главен фокус на „М-НАВ" А.Д. – Скопје ќе бидат следниве активности:

### 1. Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција

- Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето на Друштвото што го врши Управниот одбор
- Управниот одбор на Друштвото назначува одговорно лице за следење и ажурирање на годишниот план за проценка на ризици од корупција;
- Раководството го следи извршувањето на вработените во Друштвото во однос на почитувањето на законските рокови за преземање на дејствија или активности по конкретни предмети, дали се одложуваат одредени дејствија кои треба да се преземат, кои се причините за такво однесување, имање целосен увид во постапувањата на вработените по конкретни предмети, и во случај на констатирање непочитување/непреземање навремени дејствија се превземаат соодветни мерки
- Врз основа на доставените известувања и целокупниот увид во работата на вработените во Друштвото се анализира состојбата и се идентификуваат категориите на работните места со евентуален ризик од корупција
- Во случај на идентификација на ризик од корупција ќе се предложат мерки за намалување/ отстранување на различните форми на неправилности и пропусти

### 2. Јакнење на интегритетот на вработените

- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените на Друштвото
- Промовирање на праведно, правично и искрено однесување кон сите вработени
- Воспоставување на правила и стандарди до кои сите вработени се придржуваат и однапред утврдени активности за прекршување на утврдените правила за однесување што се применуваат врз основа на принципите за правичност и праведност

- Јакнење на свеста за работна должност да во своето работење вработените постапуваат совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно
- Обуки за етичко однесување и едуцирање на вработените да во своето работење препознаат и да се спротистават на секоја незаконска, неморална и нечесна ситуација
- Обучување и мотивирање на вработените да одговораат на предизвиците од оваа област

**3. Почитување на законските прописи**

- Доследно почитување на сите законски, подзаконски прописи и интерни акти врз основа на кои работи Друштвото како и етичко однесување на вработените во Друштвото

**4. Континуирано зголемување на јавната свест на вработените да пријават корупција**

- Изработување на информации за вработените како да ги остварат своите права и да го пријават секое сомнение за неправилности во постапувањето и однесувањето на конкретен вработен, како и сомнение за постоење измама, непотизам или корупција
- Зајакнување на довербата на вработените и граѓаните во работењето на Друштвото
- Доследност во спроведување на обврската за јавност, транспарентност и отчетност за деловните активности од работењето што го извршува Друштвото

**5. Континуирано следење на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализирање на договорите за јавните набавки**

- Почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализација на договорите
- Надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на договорите
- Целосна електронска евиденција на сите документи како напредна техника за прецизна контрола и надзор на постапките за јавни набавки
- Едуцирање на вклучените вработени во постапките за јавни набавки да ги почитуваат основните начела, како што се начела на слобода за обезбедување на услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспаретност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност

**6. Континуирано информирање на граѓаните за работата на „М-НАВ" А.Д. – Скопје**

- Демонстрирање на отчетност и овозможување на транспарентност за работата на „М-НАВ" А.Д. – Скопје преку објавување на сите неопходни информации на веб страницата како што е Годишен план, Ревизорски извештаи, План за јавни набавки, Правилници, Внатрешна организација

и систематизација на работните места, соопштенија до јавноста, информации за граѓаните за остварување на правата согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

- Транспарентност при изборот за вработување

## VII Очекувани цели со примената на Годишниот план за процена на ризици од корупција за 2023

- Исполнување на највисоките стандарди на професионално работење и квалитет на услугите
- Максимална посветеност на вработените, како најважен ресурс на Друштвото
- Обезбедување на работна средина со услови за продуктивност и мотивираност на вработените
- Доследно почитување на обврските кои произлегуваат од интерните акти на Друштвото
- Зајакната контрола и надзор на работењето на Друштвото
- Применување на принципи на точност, целосност и достапност на информациите во работењето на Друштвото
- Соработка со сите заинтересирани страни
- Одговорно и разумно управување и раководење со сите ресурси на Друштвото
- Постојано унапредување во сите аспекти на работењето

Објавување

Годишниот план за процена на ризици од корупција за 2023 ќе се објави на официјалната веб страна на М-НАВ АД Скопје

Управен одбор на "М-НАВ" А.Д. -Скопје

Fahrudin Hamidi, претседател

Владко Крстевски, член

Migjen Salmani, член

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација АД Скопје M-HAB M-NAV SHA Shkup Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së shërbimeve në navigacionin Ajror